ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

31 јули 2020 година, Гевгелија Број 7 Година XXXIX

# АКТИ НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

Врз основа на член 32 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18год.) и член 89 од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10 и 18/14 год.), Советот на Општина Гевгелија, на седницата одржана на 30.07.2020 година, по расправата за Предлог-Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Гевгелија за 2020 година за периодот од 01.01.2020г. – 30.06.2020 година (кумулатив), го донесе следниот

## ЗАКЛУЧОК

1.Се усвојува кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Гевгелија за 2020 год. за периодот од 01.01.2020г. – 30.06.2020год. (кумулатив).

2.Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.09-1186/1
30.07.2020 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Тодор Ристов, с.р.**

---

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02 год.) и член 38 став (1) точка 44 од Статутот на општина Гевгелија („Службен весник на општина Гевгелија" бр. 25/06, 8/10 и 18/14 год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на 30.07.2020 година, донесе:

## ПРОГРАМА
### за измена и дополнување на Програмата за активностите на општина Гевгелија во областа на Локалниот економски развој (ЛЕР) и прекуграничната соработка во 2020 година

**1.Во делот 3.1 Проектни активности во рамките на ЈИПР и други активности се врши измена на реден број 3 и се додава реден број 5:**

| Р. Бр. | Проект/Активност | Сопствено учество | **Вкупен износ** |
|---|---|---|---|

| | | | |
|---|---|---|---|
| 3. | Ревитализација на патот Богородица - Стојаково, крстосница со регионалниот пат Гевгелија - Богданци 2-ра фаза" | 1.005.115 ден. | **6.695.232 ден.** |
| 5 | Дезинсекција – ларвицидно прскање за заштита од возрасни комарци | 1.565.208 ден. | **7.592.636 ден.** |

2.Оваа измена и дополнување на програмата влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-1187/1
30.07.2020 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Тодор Ристов, с.р.**

---------------------------------------

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02 год.) и член 38 став (1) точка 43 од Статутот на општина Гевгелија, („Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06, 8/10 и 18/14 год), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на 30.07.2020 година, донесе:

# ОДЛУКА

**за приоритет на проект за изработка на техничка документација за „Изработка на Инфраструктурен и Основен проект за сообраќајница од крајот на ул. „Борис Кидрич", до граница со Р.Грција, од км 0+000.00 до км 1+211.44", општина Гевгелија**

Член 1

Со оваа Одлука се утврдува приоритет на проект за изработка на техничка документација за „**Изработка на Инфраструктурен и Основен проект за сообраќајница од крајот на ул. „Борис Кидрич", до граница со Р.Грција, од км 0+000.00 до км 1+211.44**", како потпроект од проектот „Градење на општинските капацитети за имплементација на проекти".

Член 2

Со оваа Одлука ќе се изработи инфраструктурен и основен проект за **„Сообраќајница од крајот на ул. „Борис Кидрич", до граница со Р.Грција, од км 0+000.00 до км 1+211.44"**.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесување и ќе биде објавена во „Службен гласник на општина Гевгелија".